АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 18.07.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3622 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);

| | | | |
|---|---|---|---|
| *накит“* | | | *ќе изумам инаку, морам да го забележам, сакам да ви покажам еден прекрасен часовник – „лонжинс аутоматик“, елегантен, значи за луѓе кои навистина сакаат елеганција, нудат голем спектар од класични но и модерни дизајни, и ова вреди човек да го има на рака, а го има секаде каде што ќе видите лого на фирмата „Божиновски“. А штом ги спомнувам „Божиновски“ би сакал на Мики да му подарам нешто од „Божиновски“ (...);* |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** на програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 3 јуни 2019 година, спонзорираната програма „**Б.** *(Б со точка)*“ преку посебно промотивно препорачување на стоки и услуги на спонзорите поттикнуваше нивно купување или изнајмување.

**9. Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена по приемот на решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за спонзорство; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***